**МАКЕДОНСКИ ПОЛИЦИСКИ СИНДИКАТ**

# УПАТСТВО

**За постапката и начинот на дистрибуција на службените материјали и службена пошта помеѓу органите и телата на Македонскиот полициски синдикат.**

**Скопје, февруари - 2020 година**

Врз основа на член 49 став 1 алинеја 40 од Статутот на Македонскиот полициски синдикат, Претседателсвото на Македонскиот полициски синдикат на седница одржана на ден 28.02.2020 година го донесе следното

# УПАТСТВО

**За постапката и начинот на дистрибуција на службените материјали и службена пошта помеѓу органите и телата на Македонскиот полициски синдикат.**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа упатсво се уредува постапката и начинот на дистрибуција на службените материјали и службена пошта помеѓу органите и телата на Македонскиот полициски синдикат.

**Член 2**

Одредбите од оваа уредба се применуваат помеѓу органите и телата на Македонскиот полициски синдикат.

## 2. ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ

**Член 3**

Изготвените службени материјали од страна на Повереникот на Синдикалната подружница како и добиената пошта од страна на членовите на МПС од синдикалната подружница, по извршената проверка и селекција Повереникот ги доставува по службена пошта до Претседателот на Основната Организација на МПС.

Доколку добиените службнени материјали од страна на членовите не се комплетни (не се уредно пополнети, не се на оригинален образец, не се адресирани и слично), Повереникот на Синдикалната подружница заедно со членот на МПС ги комплетира и ги доставува до Претседателот на Основната Организација на МПС.

**Член 4**

Изготвените и применените службени материјали како и добиената пошта Претседателот на Основната Организација по извршената проверка ги доставува по службена пошта до Претседателот на Советот на МПС.

Доколку добиените службнени материјали од страна на членовите не се комплетни( не се уредно пополнети, не се на оригинален образец, не се адресирани и слично, истите заедно со членот на МПС ги комплетира и ги доставува на Претседателот на Советот на МПС.

**Член 5**

Советот на МПС како орган е задолжен со деловодна книга и печат.

Претседателот на Советот на МПС ги евидентира сите службени материјали на МПС кои произлегуваат од работењето на Советот, Основните организации и Синдикалните подружници во рамки на Советот.

**Член 6**

Претседателот на Советот на МПС врши проверка на службената пошта односно службена документација добиена од страна на Основните Организации и изготвените службени матријали од негова страна.

По извршената проверка актите поединечно ги заведува во деловодната книга и збирно со пропоратен акт ги доставува до МПС преку организационата единица на МВР- Архива.

Пропратниот акт се заведува со посебен деловоден број од деловодната книга од Советот на МПС.

Пропратниот акт со прилогот се пакува во соодветен плин на кој се става деловодниот број од пропратниот акт и се доставува до МПС преку организационата единица на МВР- Архива.

**Член 7**

Деловниот секретар во МПС по превземање на службената пошта од архивата на МВР истата ја селектира и ја предава на членовите на органите и телата МПС на кој истата е адресирана.

## 3. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

Измени и дополнување на ова Упатство донесува Претседателсвото на Македонскиот полициски синдикат во процедура и постапка во која што е донесен.

**Член 9**

Ова Упатство стапува во сила со неговото донесување од страна на Претседателсвото на Македонскиот полициски синдикат.

**Доставено до:**
**- Архива на МПС;**
**-Преку членовите на Престедателсвото до сите членови на Органите и телата на МПС ;**

**Македонски полициски снդикат**
**П р е т с е д а т е л**
Д-р Марјан Кицев